Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. 12-2585/2
10.03.2020
Скопје - Shkup

Врз основа на член 24-а став (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр.19-2249/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на здружение на наставници за организирање**

**на натпревари за учениците од средните училишта по наставниот предмет Хемија**

1.Се акредитира Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија од Скопје за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет Хемија.

2.Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија бр.12-2585/1 од 12.02.2020 година.

3.Акредитацијата од точка 1 на ова Решение се дава за период од 3 (три) години.

4.Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование бр.13-1805/1 од 31.01.2020 година, на кој Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија поднесе барање за добивање на акредитација со бр.12-2585/1 од 12.02.2020 година.

Согласно член 24-а став (5) од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр.19-15111/1 од 25.12.2013, бр.19-3056/1 од 20.02.2015 и бр.20-8779/1 од 20.04.2015 година, со Записникот од работата на Комисијата бр.13-3488/1 од 03.03.2020 година, утврди дека Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта утврдени во член 24-а став (7) од Законот за средното образование, ја има доставено потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование бр.13-1805/1 од 31.01.2020 година и го акредитира за период од три години, согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр.19-2249/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

Министер/Ministër,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
-архива;
-Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење;
-Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија;
-Биро за развој на образованието.

Изготвил: Наташа Димовска
Контролирал: Милка Масникоса
Одобрил: Дана Бишковска